

# Светиева



МАРИЈА СВЕТИЕВА
(9. VII. 1960, Скопје)

Факултет за ликовна уметност (отсек графика) завршила во Скопје во класата на Димитар Малиданов во 1987 г. Член на ДЛУМ е од 1987 г. Се занимава и со ликовна критика.

**САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:**

1988, Музеј на Македонија, Скопје
— Завод, музеј и галерија, Битола
— Галерија „А", Загреб

**ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:**

1986, Студентска изложба на Филозовски факултет, Скопје
1987, Геометризмот и неговите видови во македонското сликарство, Скопје
— 18. Графичка изложба на ДЛУМ, Скопје
— Дипломци 1986—1987, Скопје
— Изложба на завршени студенти на ФЛУ, Скопје
— 42. Годишна изложба на ДЛУМ, Скопје
— Биенале на млади, Скопје
— ДЛУМ—Цртеж, Скопје
— Сликарство мал формат, Скопје
1988, Карпошови денови, Скопје
— 19. Графичка изложба на ДЛУМ, Скопје
— Графика '88, Смедерево
— Изложба на ДЛУМ, Белград
— Подарени дела на ЗАВНОБИХ, Мркоњич-град
— Надреализмот и неговите видови во современото македонско сликарство, Скопје
— 43. Годишна изложба на ДЛУМ, Скопје
— ДЛУМ—Цртеж, Скопје
— Сликарство мал формат, Скопје
1989, Концерт и продажна изложба за Ерменија, Скопје
— Југословенска изложба на колонии, Суботица

**ЛИКОВНИ КОЛОНИИ:**

1987, 8. Графичка колонија, Гевгелија
1988, 4. Графичка колонија, Смедерево

**НАГРАДИ:**

1987, Откупна награда на РЗК од 42. Годишна изложба на ДЛУМ
1988, Откупна награда на Музеј — Битола
— Откупна на ОК на ССММ
— Откупна на ГЗК

Дека зрелоста и оригиналноста на ликовното дело не е секогаш обусловена од зрелоста на добата во кое творецот создава, и дека за неговата „големина“ зборува само оствареното, го потврдува и последната самостојна изложба на Марија Светиева. Иако на почетокот на својата мисија во областа на ликовното дејствување, таа остава видливи траги во тековната (графичка) продукција на крајот на осумдесетите години. Забележана уште на самиот старт, доста одлучно и нагло (ex abrupto) укажа на цврстата и недвосмислена решеност нејзиниот ликовен речник и формирање, кој логично не може да биде имун од одредени референции на историјата на модерната уметност, да го карактеризира свежина на творечкиот дух, одмерен и рафиниран однос кон сопствената креативна природа, но најповеќе од сè творечка слобода и толеранција; меѓу другото уметноста да се сфати како чувствителна игра на облици и бои, емоционални потсвесни и во детските соништа видени артефициелни светови. Токму она што е тешко да се пронајде, а подоцна и развие во оригинална уметничка физиономија на М. Светиева како да и беше вродено.

Нејзините денешни творечки настојувања се чисти во идејата, сконцентрирани во формата, интимно диспонирани и сложено метафорични, поетски и музичко наштимувани. Притоа не зборува со ниту еден јазик кој се употребува во нашата ликовна практика, тоа се крајно издвоени, особени и по многу нешта специфични концепции. Ако во нив има одреден супстрат базиран на историските искусва на (генијалниот и прав надреалист) Миро, тоа е само една од можните солуции, (од проста причина што Светиева не е заинтересирана ниту да подржува, споредува, повторно открива или пак надминува некои атрибути, од кои можеби и самата проникнува) Особена дефиниција за некоја адекватана форма на нејзиниот израз, покрај другото, е убеденост за потреба од повремени осамостоени и автоматизирани лутања, без строга одреденост. Тие во исто време можат да бидат аналогии на оние стилизирани, рудиментирани фигурални графити што ги повлекуваат децата по ѕидовите „играјќи си уметници“, на праисториските цртежи врежани во пештерите, или пак сосем дијаметрално можеме да ги протолкуваме како творевина на своевидна космичка реторика. Во таква ликовна интерпретација инвентивното се соединува со наследеното-магично (магичниот карактер на пештерното сликарство), класичното и модерното, но и со експерименталното.

Уште во своето настанување, нејзиното творештво не е „слика“ на надворешната појавност, но навлегувајќи подлабоко, во самата суштина, чувствуваме две настојувања: за

задржување на асоцијативноста на предметот-фигурата како предлошка, и за поапстрактен третман каде се губи секаков препознатлив елемент. Во тој контекст ќе одбележиме дека и во двата случаја, како низ нивните специфични конфронтации така и низ различноста на реализирањето во класичните и комбинираните графички техники до најновите цртежи со пастели е постигната единствена, заокружена и блиска стилска припадност. Притоа е манифестиран извонредно хармоничен и складен однос кон целината преку разместување на веќе претходно „измислените“ антропоморфни, зооморфни и амебоидни облици, кои ги карактеризира и високо акумулиран еротски набој. Тоа не се ниту голи знаци ниту симболи, тоа се светови и случки кои излегуваат од човековата психолошка констелација, со немирен живоген ритам, а сепак можни и тукашни, и се движат од присна поетичност до вистинска метафизичка визионарност. Тој свет е поезија на потсвесни, „органски (нестварни и неизречени) нешта“.

Линијата претставува основа за нивното обликување; нејзината патека се движи потполно еманципирано опишувајќи ја условно одредената контура. Таа е спора, обла и мека, поткрепена со енергични, динамични пулсирања и само на моменти прави агресивни, делумно артикулирани движења. Таквите интервенции следуваат само дури кога цртежот (композицијата) е главно вообличен. Неможејќи да изрази поголеми колористички варирања во графичкиот израз (црвена, жолта, сина, зелена), поттикнатоста и обземеноста од фолклорот (од заборавените бои на нашите пра-баби кои ткаеле прекрасни килими и носии). Светиева ја манифестираше преку последните настојувања во цртежите со пастел, во кои воедно (со оглед на поголемите можности што ги пружа) е поприсатен „нагонот“ за експеримент што се согледува преку сечење на одредени секвенци и користење на одреден апликативен метод.

Иако во најновите цртежи забележуваме одредена доза на апстрактна шематизираност во позадината (која не е „димензија“, и има улога да истакне или ублажи некој од појавните облици), нејзиното творештво не е ни најмалку декоративно, ниту пак е само надреално, експериментално . . . или само „естетско“, туку сензибилно-медитативна и особена креација. Тоа творештво е „слика“ на **чудесниот свет на Марија Светиева.**

Гоце Јакимовски — Божурски

**ЦРТЕЖИ:**

**(сите се изработени со пастел)**

1. ЕЛЕГИЈА ЗА ЖИВОТОТ, 1988,
2. ОД УТРОБАТА НА БЕСКОНЕЧНОСТА, 1988
3. ИГРИ И ИГРАЧИ, 1988
4. СЕРЕНАДА, 1988
5. СОНЕТА, 1988
6. РАЃАЊЕ НА ДЕНОТ, 1988
7. ИГРА НА СОНЦЕТО, 1988
8. КОН ИДНИНАТА, 1988
9. СОНЧЕВИ ПИРУЕТИ, 1988
10. ВО ЗАНЕС, 1988
11. СТРАСТ, 1988
12. ПОДАРЕНО СОНЦЕ, 1988
13. БЛИСКИ СРЕДБИ, 1988
14. СИТЕ НЕШТА НАОКОЛУ, 1988
15. ВО ПРЕГРАТКА НА ИДНИНАТА, 1988
16. ЛИКОТ НА КОПНЕЖОТ, 1988
17. ПОЕЗИЈА НА ПРОЛЕТТА, 1988
18. ОД ПАЗУВИТЕ НА ПОТСВЕСТА, 1988
19. ВОЛШЕБНА ЗЕМЈА, 1988
20. КОЛОНИЈА, 1988
21. ПОРАКА ДО ТЕБЕ, 1988
22. ОДБЛЕСОК, 1988
23. ТРЧАЊЕ ПО ВРЕМЕТО, 1988
24. ВО ПРЕСРЕТ НА МУЗИКАТА, 1988
25. КАЖИ МИ . . . , 1988
26. ВО ЛИВАДАТА НА МОЈАТА НАДЕЖ, 1988
27. ВРЕМЕ НА ПОСТОЕЊЕ, 1988
28. ЗДИВОТ НА МУЗИКАТА, 1989
29. ПОРТОКАЛОВА МЕЧТА, 1989
30. ЕХО НА ДРЕВНОСТА, 1989
31. ОЧИ НА ИДНИНАТА, 1989
32. COЅВЕЗДИЕ, 1989

**ГРАФИКИ:**

33. ЖЕДНИ РАЦЕ ЗА ЉУБОВ, 1986, комб. тех.
34. ЗАПОЗНАВАЊЕ, 1986, бакропис и акватинта
35. БАКНЕЖ, БАКНЕЖ И БАКНЕЖИ, 1986, комб. тех.
36. ЉУБОВ И ПРОСТОР, 1987, бакропис и акватинта
37. ЖЕШКА НОЌ, 1987, комб. тех.
38. СОН, 1987, комб. тех.
39. ОВА ЛИ Е МОЈОТ ПАТ ШТО ВОДИ ДО ТЕБЕ, 1987, резерваш и акватинта
40. ТРЕПЕРИ КОСМОСОТ ОД НАШАТА ЉУБОВ, 1987, бакропис и акватинта
41. СИНТЕЗА, 1987, комб. тех.
42. ТАЈНАТА НА БЕСКОНЕЧНОСТА, 1987, линорез во боја
43. НЕБЕСКАТА РЕКА ИЗЛЕЗЕ ОД КОРИТО ПОТОПОТ НА РАДОСТА СЕ РАЗЛИ, 1987, комб. тех.
44. СИМФОНИЈА ВО БОЈА, 1988, линорез во боја
45. КАКО ДА ЈА ДРЖАМ МОЈАТА ДУША ЗА ДА НЕ ЈА ДОПРАМ ТВОЈАТА. 1988, комб. тех.
46. ПЕСНА ЗА ПЛОДНОСТА, 1988 комб. тех.
47. МУЗИКА НА ЉУБОВТА, 1988, резерваш и бакропис
48. ГОЛЕМАТА МАЈКА, 1988, комб. тех.
49. ЗГОЛЕМЕНИ ОД СВОЈАТА ЉУБОВ, 1988, комб. тех.
50. ПРИВРЗАНОСТ, 1988, резерваш и бакропис
51. СЀ Е КАКО МУЗИКА, 1988, бакропис и акватинта
52. ВО ИСЧЕКУВАЊЕ, 1988, комб. тех.



издавач:
Народен Музеј — Куманово
одговорен уредник:
Јоско Јакимовски
организација, предговор
ликовно обликување и каталог:
Гоце Јакимовски — Божурски